МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА

АКТ СО ПЛАСТИЧНА АНАТОМИЈА

ЗА II ГОДИНА

СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

техничар за дизајн на облека

Скопје, јуни 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *АКТ СО ПЛАСТИЧНА АНАТОМИЈА*

1.2. Образовен профил, насока и струка на кои припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: *техничар за дизајн на облека*
1.2.2. Насока: *применета ликовна уметност*
1.2.3. Струка: *уметничка*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: *предмет заеднички за насоката*

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет: *II (втора) година*

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1**.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт):** 3 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето): 108 часа

1.6. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НА СТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставниот предмет ***акт со пластична анатомија*** е запознавање на учениците со структурата на човековото тело, функцијата, градбата на одделни делови и нивното значење за визуелниот изглед и движењето. Учениците да го сфатат односот на уметникот кон човековото битие како дел од природата и значењето на човековата личност и фигура како најприсутна тема и инспирација во ликовното изразување.

Во рамките на овој предмет ќе се откриваат убавините на човековата фигура, преку проучување и совладување на принципите на акт - студија на човековото тело: пропорција, градба, форма, волумен, карактер, особености во мирување и во движење.

Со успешно совладување на наставната програма по ***акт со пластична анатомија,*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ја открива убавината на човечкотото тело и ликовно претставување преку студиски цртеж во природна големина, скици и кроки: машки, и женски акт и по можност детска фигура;
- да ги совлада анатомските, конструктивните и функционалните карактеристики на одделни делови на човечкото тело;
- да ги усовршува преку студија на акт начините на ликовно-уметничкиот израз;
- да ги запознава и анализира уметничките дела (и преку репродукции) и открива како уметниците низ разни епохи и уметнички стилови ја користеле човечката фигура како важен мотив за уметничкиот израз;
- да ги применува сознанијата и стекнатото искуство за успешна реализација на задачите во ликовната и во применетата уметност;
- да ги користи условите на ателјерското работење за креативно цртење-студија на жив модел во дизајнирањето на облека.
-да ги применува теоретските и практичните сознанија за дизајнирање на машка, женска и детска облека.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Во функција на остварувањето на програмските цели, потребно е ученикот да има создадено интерес и љубов кон ликовните уметности, да поседува одредени ликовни, естетски, теоретски и техничко-технолошки способности за ликовно изразување и творештво стекнати во основното училиште според програмските содржини по *ликовно образование, музиката, литературата, техничкото образование* и другите области на културата. Ученикот да има развиено моторички способности, според својата возраст, и да ја разбира корелацијата со наставните предмети: *цртање, графика, скулптура, применета уметност - дизајн, теорија на обликувањето и дизајнот, историја на уметноста, народното творештво* и другите уметнички дејности.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1.1. Структуирање на содржините за учење и творење за II година

Тематски целини	Број на часови (ориен-тациски)	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1	2	3	4	5
1. Глобален скелетен систем (поделба)	2	Ученикот: - да ја познава структурата на човечкото тело; - да разликува особености на човечкото тело според возраста и полот; - да ги забележува основните разлики помеѓу градбата на женското и машкото тело.	Наставникот: - подготвува примери во вид на визуелен мате-ријал –цртежи, фотографии и др.; - вербално објаснува и практично демонстрира преку цртежи и скици.	- Историја на уметноста; - Цртање и сликање
2. Скелет на трупот	6	- Да ја забележува градбата на ’рбетниот столб и граден кош, нивниот облик и функција; - да ги воочи и анализира пршлените, нивното зглобување и улога; - да исцртува делови од ’рбетниот столб, пршлените и зглобувањето; - да ја воочи поврзаноста на ’рбетниот столб со черепот, ребрата и карлицата.	- ја објаснува улогата, поврзаноста и пластич-ните вредности на ’рбетниот столб со дру-гите делови на скелетниот систем.	- Цртање; - Теорија на обликувањето и дизајнот; - Изработка на облека

3. Раменичен и карличен појас	8	- Да забележува основни сличности и разлики помеѓу карличен и раменичен појас; - да изврши глобален опис на скелетот и улогата на раменичниот и карличниот појас и нивното значење и функција во вкупниот скелетен систем; - да ја одреди положбата на лопатицата и карлицата при состојба на движење; - да ја црта лопатицата и карлицата од различни страни; - да разликува машка и женска карлица.	- Анализа и опис на деловите на скелетот – според нагледно средство модел; - цртање и анализа.	- Изработка на облека; - Конструкција на облека
4. Коските на горните и долните екстремитети	8	- Да ја познава функцијата и називот на деловите (труп, глава, екстремитети), и пропорциите на актот; - да е способен да ги одреди важните насоки и односи и карактер на масите (формите) и точки при разни положби на телото (зглобување); - да ги црта коските на делови и во целина на долните и горните екстремитети.	- Наставникот ги посочува конструк-тивните елементи при одредувањето на пропорциите.	- Теорија на обли-кувањето и дизајнот; - Изработка на облека
5. Коските на черепот	4	- Да ја воочи основната конструкција на черепот; - да изработи глобален цртеж на черепот од разни страни (однапред од страна и од позади); - Да ги забележи, опише и именува коските и да го црта черепот од разни агли на посматрање; - да ги познава поделбите и основните правила при поставување, конструирање и цртање на глава.	- Објаснување на разли-ките на портретот спо-ред расата и други инди-видуални особености; - објаснување на антич-киот канон за конструк-ција на портрет.	- Историја на уметноста; - Теорија на обли-кувањето и дизајнот
6. Зглобување	6	- Да го забележи значењето и начинот на зглобу-вање на одделните делови на телото; - да црта делови од телото (поврзаност на зглобови) при разни движења на телото (екстремитети и др.).	- Преку набљудување на акт (жив модел) да се забележат разни движе-ња и изглед на човечко-то тело.	- Теорија на обли-кувањето и дизајнот; - Изработка на облека

7. Глобален мускуларен систем	8	- Да го забележи глобалниот изглед, градба, функција, механика на мускулниот систем; - да го сознае влијанието на мускулите врз формата на актот; - да ги воочи разликите по големина и функција на одредена група мускули и влијанието на изгледот на формата - телото.	-Укажува на значењето на точните пропорции на скелетот и поврзаноста со мускулите.	Историја на уметноста; - Теорија на обликувањето и дизајнот; -Конструкција на облека
8. Мускулите на трупот	8	- Да ја забележува положбата, обликот и функција на мускулите на градниот кош и на стомачниот појас; - да ги анализира главните мускули претходно и во текот на цртањето на површинскиот слој; - да го воочува точниот изглед на мускулите при цртањето и положба на телото во целина и во одделните делови;	-Укажува на основните карактеристики на мускулите на трупот.	Историја на уметноста; - Теорија на обликувањето и дизајнот
9. Мускулите на долните и горните екстремитети	8	- Да ги забележува и именува мускулите (анализа преку цртеж) на горните екстремитети; - да ја разбира поставеноста и функцијата на мускулите на екстремитетите; - Да го забележува карактерот, пропорциите, функцијата и формата на екстремитетите; - да исцртува мускулни системи на горните и долните екстремитети; - да ја познава разликата помеѓу машки и женски мускули.	- Укажува на формата и значењето на мускулатурата; - ги објаснува разликите помеѓу машкиот и женскиот акт (група мускули).	- Теорија на обликувањето и дизајнот; - Изработка на облека
10. Мускули на главата и вратот	8	- Да ја познава градбата, именувањето и функцијата на мускулите на главата; - да ја познава функцијата на мускулите во разни емотивни ситуации (страв, радост); - да нацрта череп со мускулниот систем.	-Објаснување на конструирањето и користењето на видови линии, текстури и моделација на форми во цртање на глава.	Историја на уметноста; - Теорија на обликувањето и дизајнот
		- Да ја воочи спецификата на контрапост односи на насоки при стоечка положба;	Врши анализа на карактерот на женското тело;	- Историја на уметноста;

11. Женски акт во стоечка положба	12	- да умее при цртањето да компонира пропорции во конструкцијата на актот; - да го сознае карактерот и конструкцијата на женскиот акт; - да ги открие реперните точки (нивна контраположба при стоечка положба). - да претставува во цртеж женска фигура во контрапост; - да ги согледа скратувањата, перспективата и др.	- укажува на разликите помеѓу машкото и женското тело; - врши споредби на примери во репродукции на на ликовни дела од разни епохи.	- Теорија на обликувањето и дизајнот; - Конструкција на облека
12. Машки акт во стоечка положба	12	- Да ја забележи и одреди насоката на актот (вертикална) и контрапост положбата (статичност); - да го компонира цртежот на форматот хартија; - да ги компонира формите-деловите на актот како целина; - да ја одреди пропорцијата според висината на главата; - да компонира пропорции, карактер, распоред на маси, движење, положба по хоризонтала и вертикала на машкиот акт; - да ги познава и користи правилата на конструирање и симетрија при цртањето (градбата) на актот; - да ја забележи положбата на рамениците, колковите, колената и стапалата; - да изработи студија на човечка фигура во стоечка положба.	- Ги објаснува принципи-те на конструирање на човечката фигура; - го објаснува пробле-мот на контрапост; - ја објаснува положбата на рамениците, колкови-те, колената и стапалата за стекнување статичност.	- Историја на уметноста; - Изработка на облека
13. Машки и женски акт во движење	12	- Да ги одреди во цртежот карактеристичните положби на актот при вршење на одредени функции – движење; - да ги совлада во цртањето скратувањата и перспективата при движење; - да умее да постави глобално цртеж на акт со решена статика и користење на конструктивни линии.	- Посочува на карактe-ристики на користењето на ликовната техника *јаглен* за изработка сту-дија на акт (моделација на форми).	Историја на уметноста; - Конструкција наоблека; -Теорија на умет-носта и дизајнот

14. Машки и женски акт во седечка положба	12	- Да умее правилно да ги постави, одреди пропорциите и да го открие карактерот на моделот, ритамот на масите – мускулите во седечка положба; - да ги одреди пропорции (компонирање) на човечкото тело при седечка положба; - да го забележи карактерот на женско и машко тело при цртањето-сликањето (да направи разлика помеѓу машки и женски акт); - да го открие распоредот на најбитните коски (конструкцијата) на актот во седечка положба. - да умее правилно да го постави и да ги одреди пропорциите и да го открие карактерот на моделот – фигурата; ритамот на масите-мускулите во движење; - да го користи ефектот светло-темно за моделација на формите; - да изработи студија на детаљ според сопствен избор; - да изработи студија на акт со примена на техниката *јаглен* (можно е користење и други материјали);	- Објаснува и скицира поврзаност на мускули со одредени коски и нивната функција.	Историја на уметноста; - Теорија на обликувањето и дизајнот; -Конструкција на облека
15. Карактеристики на детски акт	4	- Да ги забележи особеностите на главата спрема телото кај детската фигура; - да ги согледа карактеристиките на детското тело според возраста и полот; - да црта детска фигура во разни движења.	- Вршење анализа според жив модел; - анализирање според репродукции.	- Историја на уметноста; - Теорија на обликувањето и дизајнот
16 . Брзи забелешки (кроки) и скици	4	- Да изработува брзи забелешки (кроки) со цел ослободување и брзо забележување на основните контури (форми) и движења; - да изработува скици за костимографски модели (обликување на облека).	- Демонстрира и организира цртање и сликање со јаглен, молив и други цртачки и сликарски материјали.	- Теорија на обликувањето и дизајнот; - Конструкција на облека

4.2. Наставни методи и активности на учење

За остварување на целите на наставниот предмет ***акт со пластична анатомија*** ќе се применуваат следните наставни форми и методи: фронтална за воведните или теоретско-инструктивните предавања со презентирање на примери; групна форма во објаснувањето за реализација на студија на различни делови од човечко тело. Индивидуална форма на работа ќе се примени кога ученикот самостојно реализира одредена задача. Од методите ќе се користат: метод на живиот збор, метод на демонстрација, метод на лабораториско-експериментална работа (практична реализација на ликовната задача), разгледување на стручна литература, каталози и оригинални дела. Во таа насока ќе се реализираат посети на изложби. Во демонстрирањето ќе се користи: скицирање, цртање, сликање и употребата на различен прибор. Наставникот ќе ги објаснува задачите за поставување, конструирање и цртање акт, ќе го следи нивното реализирање давајќи упатства и преку консултации, корекции и разговори за тековните проблеми.

Учениците ќе ја совладуваат материјата од наставниот предмет преку слушање на предавања, изработка скици и студии на делови од скелетот, мускулниот систем и телото на човекот. Најзначајна и најчеста задача ќе биде континуирано цртање на женски и машки акт, при што кај ученикот ќе се развиваат повеќе способности: визуелната, за споредување на различни големини-пропорција, способност за линеарно прикажување и користење на тонски вредности за обработка на формите и асоцирање на волуменот.

Наставникот ја следи работата на секој ученик посебно, учествува во решавање на задачата со објаснување, давање инструкции, коригира, консултира, сугерира, учествува во креативно претставување на актот - цртежот, ги анализира резултатите и оценува.

4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Пожелно е наставата да се реализира во ателје за акт со соодветна природна и вештачка светлина. Овој дел од тесно-стручната настава ќе се реализира во две полугодија со неделен фонд на часови и вонучилишни индивидуални активности на учениците во вид на домашни работи.

4.4. Наставни средства и помагала

За постигнување прогрес во остварувањето на целите на наставниот предмет ***акт со пластична анатомија*****,** во функција на творечката и практичната работа, ќе се користат различни наставни средства, како што се: скелети од човечко тело, гипсени модели на череп, глава и акт од антиката или ренесансата. Меѓу другото ќе се користи стручна литература (Пластична анатомија), списанија, проспекти, каталози, оригинални дела и др. Во студиската работа најчесто ќе се користи модел на жив човек (жена, маж) според кои ќе се реализира наставата.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Процесот на едукацијата бара континуирано следење на развојот на ликовните способности на учениците, нивните знаења и умеења во творечката работа, во совладувањето на ликовните задачи, користењето на ликовни материјали и техники и формирање ликовен критериум. Процесот на оценувањето ќе се одвива низ повеќе фази на работа во текот на реализацијата на една задача. Следејќи ја творечката активност на ученикот (поради индивидуалниот карактер на наставата), наставникот ќе ги следи сите фази на проучувањето, анализата и обликувањето на цртежот-актот. При едукативната работа ќе се даваат упатства, корекции и сугестии. Во работата наставникот ја следи неговата успешност, ќе ја поттикнува активноста, ќе ја збогатува содржината на творечките информации и ќе ја развива љубовта кон творештвото и чувството за естетика. Таа блискост и соработка меѓу наставникот и ученикот овозможува утврдување и откривање на степенот на надареност, неговата оспособеност и знаење што овозможува лесно вреднување и оценување. Овој процес се спроведува во текот на целата година со оценување на тримесечијата, првото и второто полугодие и сумативната годишна оценка. Ако ученикот не ги задоволи критериумите на утврдено основно знаење, односно не постигне задоволителен прогрес во реализирањето на програмските цели, тој се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Со цел да се оствари висококвалитетна стручна и успешна работа, наставникот треба да ги поседува следните персонални, стручни и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни и визуелни) мани кои го попречуваат вршењето на дејност и да поседува способност за квалитетна комуникација со учениците и други лица. Наставникот треба да поседува креативни, организациски и други способности кои ќе овозможуваат унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

1. Факултет за ликовни уметности (сликарство, скулптура, графика).
2. Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел).
3. Факултет за применета уметност (применето сликарство; индустриска форма-скулптура; графички дизајн).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка на факултетот за ликовни уметности.
Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет: ателје и работилница опремени според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: април 2001 година
7.2. Состав на работната група:

Вујка Радивојевиќ – Бојаров, професор во ДСУПУ "Лазар Личеноски" – Скопје
Ангел Гавровски, професор во ДСУПУ "Лазар Личеноски" - Скопје.

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на примена: 01.09.2006 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за ***акт со пластична анатомија*** ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение бр. 11-4299/1 од 24.07.2006 година.